До:
**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија**

Предмет:
**Програма за работа и развој на Институтот за четиригодишниот мандат**

Врз основа на Јавниот оглас за член на Управен Одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија со архивски број 0207/118 од 17.03.2023 година, јас Фатмир Шакири во својство на кандидат за член на Управен одбор поднесувам

# Програма за работа и развој на Институтот за четиригодишниот мандат

Програмата за работа на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија за четиригодишниот мандат (во понатамошниот текст: Програмата за работа) содржи **програмски активности** за остварување на главните односно стратегиските цели на Институтот на Сметководители и Овластени сметководители на Република Македонија (во натамошниот текст: Институтот) преку оптимално користење на расположливите кадровски и финансиски ресурси кон приоритетните области, понатамошно подобрување на квалитетот на работењето, јакнење на капацитетите во сите области на работењето и да овозможи следење и оцена на резултатите и ефективноста на преземените мерки и активности.

**Програмските активности** опфаќаат спроведување на редовните работни процеси и активности поврзани со закоските обврски на Управниот одбор на Институтот и проекти кои што овозможуваат воведување промени во работењето од аспект на зголемување на ефикасноста, квалитетот, транспарентноста и сигурноста и усогласување со законски барања.

Програмските активности се непосредно поврзани со стратегиските цели и задачи на Институтот и се остваруваат во текот на четиригодишниот мандат на Управниот Одбор. Распределбата на програмските активности е извршена на следниов начин:

1. **Активности според член 20 од Законот за вршење на сметководствени работи (Службен Весник 173/22)**

1) ги подготвува и предлага годишната програма за работа и развој и годишниот финансиски план на Институтот;
2) ги подготвува годишната сметка и годишниот извештај за работењето на Институтот;
3) ја предлага висината на членарините;
4) ја предлага висината на надоместокот за издавање на лиценци за работа;
5) ја предлага висината на надоместокот за полагање на испит за здобивање статус на сметководител и овластен сметководител;
6) ја предлага висината на надоместокот за полагање испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство согласно со овој закон;

7) одлучува за запишување и бришење на членовите во регистрите на Институтот;
8) ја усвојува годишната програма за континуирано професионално усовршување предложена од Комисијата за образование, обука и публикации;
9) ја предлага висината на надоместокот за континуирано професионално усовршување;
10) ја усвојува годишната програма за контрола на работењето на трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење на сметководствени работи;
11) ја предлага програмата за одобрување на квалификација за сметководител и овластен сметководител стекната во странство;
12) ги разгледува извештаите од извршената контрола на работењето на трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење на сметководствени работи и покренува прекршочна постапка согласно со членот 47 став (2) од овој закон;
13) издава и одзема лиценци за работа;
14) ги предлага членовите на комисиите;
15) го предлага актот за висината на платите за претседателот на Институтот, секретарот и за вработените во стручната служба на Институтот, како и сите надоместоци за членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор, комисиите и за Собранието на Институтот;
16) одлучува за прием на донации;
17) се грижи за наплата на членарините;
18) ги извршува одлуките на Собранието на Институтот;
19) го донесува етичкиот кодекс на Институтот;
20) ги доставува ажурираните податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители и субјектите што вршат сметководствени работи до Централниот регистар најдоцна до 15 јануари во тековната година за претходната година;
21) ги доставува ажурираните податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители до Управата за јавни приходи најмалку еднаш месечно;
22) врши контрола и ажурирање на податоците во Регистарот на сметководители и овластени сметковоидители, кои ги доставува до Централниот регистар и до Управата за јавни приходи и соработува со нив за успешно спроведување на прописите на сметководството и на овој закон;
23) донесува интерен акт за начинот за чување на личните податоци и информации и
24) врши други работи согласно со овој закон.

## 2. Организирање на сметководствената професија и С/ОС во единствен институт

Организирање на сите Сметководители и Овластени сметководители во еден и единствен Институт кој претставува задничка сила на позитивни промени **општо** кон унапредување на сметководтвената професија на начин и модел кој соодветсвува на моделот на најразвиените економии во светот и **поединечно** кон секој Сметководител и Овластен сметководител за придонес кон остварување на своите поединечни цели и зајакнување на довербата кон заедничките сили при потполна организација преку научни и професионални проекти.

3. **Зголемена транспарентност и отчетност во односите со јавноста и сите членови на Институтот**

Работењето на Институтот да врши активности на потполно транспарентен начин со јавно објавување са сите донесени одлуки со кој прцесот на информирање и отчет кон секој член на Институтот да му дава можност да биде потполно информиран за секоја активност на органите на Институтот.

4. **Унапредување на човечките ресурси на Институтот кои ќе придонесат кон унапредување на услугите на Институтот кон сите членови**

Институтот да вложува во постојаната едукација на вработените и да води грижа за унапредувањето, стручното усовршување и развојот на вработените, што претставува постојан процес за одржување и подобрување на квалитетот на работата и развојот на институтот.

5. **Унапредување на Информатичкиот систем**

Во услови на постојана силна промена на информатичката технологија вложувањата во одржување стабилен информатички систем и негова постојана надградба да биде приоритетна задача во следниот период.

Истовремено, да се работи на воведувањето дигитална трансформација заради поедноставување на процесите и зголемување на ефикасноста и продуктивноста на институтот.

6. **Унапредување на системот на статистички податоци**

Во модерниот свет податоците на брз растечки интензитет добиваат се поголема вредност со што настанува оврска на секој сектор од општеството да управува со истите, Иститутот ќе се залага за нивно законско прибирање, обработка и приложување кон сите членови на Институтот кои податоци придонеуваат за зголемување на ефикасноста и продуктивноста на секој Сметководител и Овластен Сметководител во земјата.

7. **Истражување на сметководствената практика во најразвиените земји**

Институтот ќе посветува големо внимание кон истражување на сметководтвената професија која што е од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Институтот.

8. **Изработка на Проект за Дигитализација на сметководствената професија и имплементација на истиот**

Република Северна Македонија заслужува да биде дел од модерниот систем на работа како сите останати развиени земји во светот, применувајќи ја најновата дигитална технологија со цел поефикасно и поефективно вршење на сметководствените работи.

**Проект: „Дигитализација на вршењето сметководствени работи"**

**Научните истражувања на темата Дигитализација во сметководството**

*Прилог:* Научен труд од 4-та меѓународна конференција за економија и општествени науки, на тема Отпорност и економска интелигенција преку дигитализација и аналитика на големи бази на податоци 10-11 јуни 2021 година од Универзитетот за економски студии Букурешт, Романија

**Ставови и заклучоци од научниот труд**

Дигитализацијата со себе носи многу промени во светот, особено во оние области каде што информатичката технологија е незаменлива.

Овој труд се обидува да идентификува како сметководствената професија се менува поради дигитализацијата и како сметководственото образование, професионалните регулатори и сметководствените информациски системи придонесуваат за промената.

Сметководственото поле е едно од најпогодените од дигиталната трансформација бидејќи поголемиот дел од задачите што ги извршуваат сметководителите се рутински.

Напредокот на технологијата дава многу на несигурност во однос на улогите што би ги играле сметководителите (Кокина и Бланшет, 2019 година). Сите горенаведени ставови покажуваат дека сметководствената професија најверојатно ќе трпи промени поради дигитализацијата во следните години.

Во денешно време, на организациите во областа на сметководството им е потребна повеќе иновативна работна сила од кога било досега. Оваа ни ја покажува потребата од сметководствени компании за дипломирани сметководители кои имаат не само сметководствени знаења, туку исто така и иновации и вештини за менаџирање со податоци.

Регулаторите на сметководствената професија имаат за цел да помогнат со конкретни одговори на потреба од одредени стандарди кои треба да ги исполнуваат членовите на професијата. Неодамна, регулаторите почнаа да интегрираат различни стандарди во контекст на дигитализација.

Напредокот во информатичката технологија носи не само придобивки, туку и ризици и закани претежно поврзани со инциденти со сајбер безбедноста .

Сметководствените информациски системи играат значајна улога во промените во сметководството со поместување на професијата надвор од нејзините традиционални аспекти.

Во научниот труд се дадени и голем број други ставови и научни истражувања кои потврдуваат дека дигитализацијата предизвикува револуција на промени несамо во сметководствената професија туку и во потребата од континуирано усовршување на сметководителите во поглед на нови знаења и вештини кон примена на најновата дигитална технологија со цел поефикасно и поефективно вршење на сметководствените работи.

**Што значи дигитален документ?**

Дигитален документ не е просто скениран документ и испратен до сметководителот, туку стандардизирана структура на податоци, запишани во одредена база на податоци и спремен за електронски преглед во било кое време од страна на овластени корисници за преглед и обработка.

**Потреби на законски дополнувања за дигитализација на сметководствената професија**

За целосна имплементација на проектот дигитализација на сметководствената професија потребни се и одреден број на законски дополнувања според кои се дефинираат сите елементи од електронскиот документ, стандардизираната структура на документот, електронското потпишување на истите и соодветно на сите проектирани потреби.

**Дигитализацијата на сметководствената професија претставува крај на проблемот на достава на сметководствената документација од менаџментот до сметководителот или од правниот субјект до друштвото за водење сметководство.**

Дигитализацијата претставува крај на постоење на одреден голем број на хартиена документација која треба да се доставува или пренесува, истата се аркивира во оригинална форма додека преносот се врши електронски. Пример:

Една излезна фактура на еден правен субјект е истовремено и влезна фактура за друг правен субјект, фактурата во оригинал како документација за даночни или други законски цели се архивира но сметководството со самиот момент на добиено овластување од правниот субјект ги прелистува сите издадени фактури и верификувани од менаџментот на правниот субјект кон кого се издадени или пак

Добиена фискална сметка платена со биснис картичка или во кеш спред законот за готовински плаќања, со скенирање на истата се регистрира даночниот број на правното лице која платила за истата и деталите од фискалната сметка се појавуваат во листата на добиена документација исто како издадената фактура и за истата сметководителот електронски добива информации за истатата.

Исти примери можат да се дадат за сите можни видови на сметководствена документација, за кои процесот на дигитализација едноставно го елиминира проблемот со преносот на оригиналната документација до оделот за сметководство.

Со имплементација на овој дел од дигитализацијата се овозможува и запазување на сите рокови за достава на документација од страна на правниот субјект до сметководителот и обратно.

**Дигитализацијата на сметководствената професија претставува крај од неусогласени финансови картици помеѓу правните субјекти.**

Проблеми со неусогласени финансови картици, со дигитализација на сметководствената професија нема можност за неусогласени финансови картици, издадените документи од еден правен субјект кон друг правен субјект, субјектот примател кој го верифицира документот и истиот се појавува во списокот каде сметководителот има пристап.

**Дигитализацијата на сметководствената професија овозможува и поефикасен начин на ревизија.**

Процесот на ревизија со имплеменатција на дигитализирање на сметководствената професија овозможува полесен пристап до целосена приложената документација по електронски пат.

**Дигитализација на сметководствената професија овозможува и поефикасна имплементација на законот за финансова дисциплина.**

Дигитализација на сметководствената професија овозможува и поефикасна имплементација на законот за финансова дисциплина со скратување на одреден број судски и инспекциски процедури за докажување на примена и неисплатена фактура кон издавачот на фактурата бидејќи со самата верификацијата за примен документ претставува незаменлив доказ дека услугата е примена.

**Дигитализацијата на сметководствената професија дава точно разграничување на доменот на одговорноста на сметководителот опфатени со договорот за вршење сметководствени работи.**

Опсегот на обврските на сметководителот се дефинирани и точно определени како составен дел од дигиталната апликација и истите треба да опфатат во договорот за вршење на сметководствени работи или договорот за работа на сметководителот.

**Дигитализацијата на сметководствената професија игра голема улога за стандардизација на цените за вршење на сметководствени работи.**

Со целосно имплементиран систем на дигитализирање на сметководствената професија се добиваат подобри можности и померодавни податоци за извршените услуги во однос ангажирано време/цена. Пример: Кога веќе целосната документација е добина електронски и навремено полесно се постигнува информацијата колку време е потрошено за издадената услуга кон клиентот и во однос на цената по единица временски ангажман се добива цената на услугата која со тек на време станува променлив податок и економијата се прилагодува дека сметководствената професија не е со фиксна цена туку цена за единица временски ангажман на сметководителот.

**Дигитализацијата на сметководствената професија овозможува поголема контрола и на квалитетот на работата на сметководителот.**

Правниот субјект кој ангажира сметководител има целосен увид на целокупниот сметководствен процес, квалитетната работа на секој поединечен сметководител може да се следи во секој момент дали договорните работи се уредно изведени од страна на сметководителот.

**Дигитализацијата за сметководствената професија го олесува процесот на даночна контрола**

Со целосно спроведената дигитализација на сметководствената професија даночните контролори имаат целосен увид на пресметаните и пријавените даноци кон државата.

Дигитализацијата нуди и низа други поволности од аспект на замена на работна сила со технологија и останати неспомнати поволности во оваа програма.

**Како до дигитализација на сметководствената професија?**

Имајќи во предвид мојата долгогодишна улога истовремено како овласен сметководител и Сертифициран Microsof .Net Developer, и искуството во улога на Бизнис аналитичар во развивање и

имплементација на интегриран информационен систем во четиригодишната програма на Управниот одбор на Инситутот сметаме дека Проектот – Дигитализација на Сметководствената професија треба да се одвива како што следи:

- ☑ **Во првата година** од четиригодишниот мандат треба да се вршат длабоки истражувања во темата Дигитализација на сметководството. По пат на јавни дебати, работни состаноци и препораки од сите засегнати страни во сметководствената професија односно Државните институции, инспекторати, Трговски субјекти, Сметководители, Друштва за водење сметководство, експерти од областа на финансии и девелопери, Стопански комори и останато, со цел на идентификување на сите делови кои треба да бидат предмет на дигитализација, истовремено во програмата за истражување да биде и праксата од други земји во регионот и во светот кои имаат имплементирано или се во процес на имплементација се со цел на добивање на појасна слика на потребата, временскиот интензитет и можностите за имплементација на процесот на дигитализација.
- ☑ **Во втората година** од четиригодишниот мандат да се Изработи целосен проект и потребни буџетски сретства за имплементација на истиот и креирање на план програма за обезбедување на финансиските средства користејќи ги сите можности за пристап до фондови за подржка на технолошкиот развој.
- ☑ **Во третата и четвртата година** од четиригодишниот мандат да се обезбеди развивање и тестирање на интегрирана апликација, регулирање на законската регулатива поврзана со дигитализација на сметководствената професија и спроведување на постапка на обуки на сметководителите и другите страни инволвирани во системот.

Скопје, 23.03.2023 година

**Фатмир Шакири**
Кандидат за член на Управен одбор